СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

Врз основа на член 48 и 49 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година и Одлуката на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за свикување седница на Собрание на акционери заведена под НО бр. 02-2022/1/II.1-47 од 30.1.2019 година,

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА

# Ј А В Е Н  П О В И К

## ЗА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА

**43.** седница на Собрание на Стопанска банка а.д. Битола ќе се одржи во Битола, на **13.3.2019 година (среда**), со почеток во **12:00 часот**, во **просториите на Стопанска банка а.д. Битола, ул. „Добривоје Радосавлевиќ“ бр. 21, сала за состаноци на III кат**, со следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на работни тела;
2.1 Избор на претседавач;
2.2 Избор на двајца бројачи на гласови;
3. Констатирање кворум за работа на Собранието.

**II. Работен дел**

1. Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог
- Мислење на Надзорниот одбор кон Одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер што има намера да учествува на Собранието на Банката е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието) најдоцна еден час пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават во Банката – Сектор за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата што се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и со Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.mk.

Акционерите што поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог-одлуки по точките од дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барање за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред, предлагање одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото во рок од 8 (осум) дена од испраќањето на јавниот повик за одржување Собрание на друштвото. Подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.mk.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации во согласност со Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во библиотеката на Банката (трети кат, Централа на Банката), ул. „Добривоје Радосавлевиќ“ бр. 21, Битола, како и на интернет-страницата на Банката www.stbbt.mk